ОУРЦ „Д-р Златан Сремец" - Скопје

ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ СО РЕСУРСЕН ЦЕНТАР Д-Р ЗЛАТАН СРЕМЕЦ-СКОПЈЕ
ул. Емил Зола бр. 5 Скопје - Општина Кисела Вода,
тел: 02/2770-446; 078/219-585

# ИЗВЕШТАЈ

од самоевалуација на ОУРЦ Д-р Златан Сремец – Скопје, период 2023 - 2025 година

Врз основа на член 129 од Законот за основното образование („Службен весник на РСМ 161/19, 229/20 и 3/25 ) ОУРЦ Д-р Златан Сремец – Скопје, изврши самоевалуација на работата на училиштето за период од 2023 - 2025 година.

За таа цел, на предлог на директорот на училиштето, Училишниот одбор на својата седница одржана на 17.04.2025 година, 02-285/2 формираше комисија за спроведување на самоевалуацијата во следниот состав: Координатори: Ана Грашеска, Роза А. Ивановска, Емилија Јовановиќ, Маја Весковска, Ирена М. Славевска.

Самоевалуацијата беше спроведена во периодот 2023-2025 година. За нејзино успешно спроведување, Комисијата обезбеди активно учество на целиот воспитно-образовен кадар во процесот, со тоа што беа формирани 4 тима за 4 клучни подрачја во чии рамки се вршеше самоевалуацијата, односно:

| Подрачје | Членови на тимот |
|---|---|
| 1. Планирање, настава и учење | Роза А. Ивановска - Билјана К. Настевска, Елена Солева, Билјана Стерјадова, Јасмина Лукановска, Мулица Серафимовска, Маја Трајчова, Билјана Бадева, Марина Пешиќ, Соња Миленкова, Бојана Досевски, Влатко Близановски, Џељан Дрешај, Елена Аларова |
| 2. Постигнување на учениците | Емилија Јовановиќ - Миодраг Вујовиќ, Валентина Киткањ, Александра В. Чанаковска, Ана Јанушевска, Мери Нолчева, Тања Кировска, Марија Хасаноска, Вера Ванчова, Ивана Петреска, Мери Стојкова, Благица Павлевски, Маја Соколова |
| 3. Училишна клима | Маја Весковска - Лидија Таковска, Славица Ѓорѓиевска, Билјана Живковска, Јелена Лосева, Севим Исени, Марија Тонева, Ифтимчо Николов, Ана Темелковска, Бушра Фејзул Сулејмани, Соња Миновска, Габриела Манџуковска |
| 4. Управување, раководење и креирање политика | Ирена М. Славевска - Марија Делетиќ, Горан Наскоски, Ана Грашеска, Роберта Митревска, Викторија Пешевска, Ана Маневска, Даниела Митревска, Ана Шикалевска, Даниела Деловска |

Тимовите спроведоа анкети, интервјуа, извршија увид во потребната документација и изворите, врз основа на што ги обезбедија сите потребни податоци и материјали, според кои дадоа описи на постигнатоста на индикаторите во рамките на своето подрачје. Секој тим за своето подрачје направи опис/резиме на подрачјето, ги издвои силните и слабите

страни и предложи приоритети, врз основа на кои понатаму ќе се темели изготвувањето/реализацијата на Развојната програма на училиштето.

По завршената работа, секој тим ја достави целосната документација од самоевалуацијата до Комисијата, која повторно ги разгледа сите документи и ги оформи во една целина.
Со цел да се обезбеди транспарентност на процесот, на седницата на Наставничкиот совет одржана на 26.02.2026 година секој тим ги образложи резултатите од својата работа, силните и слабите страни, како и предложените приоритети. Наставничкиот совет воедно дискутираше и се договараше во однос на тоа кои приоритети треба да бидат клучни за изготвување/реализација на стратешките и развојните цели во Развојната програма на училиштето.

Во овој извештај ќе го презентираме описот/ резимето, силните страни, слабите страни и приоритетите во однос на секое подрачје.

| **Подрачје 1: Планирање, настава и учење** |
| --- |
| **Опис/резиме на подрачјето**<br>**1.1.1**<br>Училиштето обезбедува навремена поддршка за наставниците и стручните соработници во планирањето на наставата. Истите посетуваат обуки за надградување на своите знаења, по што се врши дисеминација на останатите наставници. Најголем број (95,7%) од наставниците се изјаснети дека наставата редовно се планира во форма на Годишни, Тематски, Неделни и Дневни планирања, согласно Концепциите за основно образование (стара и нова).<br>**1.1.2**<br>Анализата на собраните податоци покажува дека стручните соработници- логопед, социјален работник, психолог редовно и навремено ги изработуваат и доставуваат своите Годишни планирања за индивидуална и специјализирана поддршка согласно Законот за основно образование, Законот за наставници и стручни соработници и Правилникот за основни компетенции на стручен соработник. Од собраните докази утврдено е дека стручните соработници во континуитет ги следат и утврдуваат потребите и спецификите на учениците и потребата за поддршка на родителите и наставниците за имплементирање и опфаќање на истите во годишните планирања. Стручните соработници- специјален едукатор и рехабилитатор,(заклучно со 2023/2024), психолог, социјален работник и логопед редовно и навремено планираат индивидуална и специјализирана поддршка за учениците, со што целосно се согласуваат 95,7% од испитаните наставници.<br>**1.1.3**<br>Анализата на собраните податоци покажува дека стручните соработници- специјални едукатори и рехабилитатори редовно и навремено ги изработуваат и доставуваат своите Годишни планирања за поддршка на учениците со комплексни потреби кои се опфатени во Центрите за поддршка при ОУРЦ. Од собраните докази утврдено е дека специјалните едукатори и рехабилитатоти во предвид ја земаат комплексноста и спецификите на секој ученик индивидуално, кореспонденцијата и информациите од родителите на учениците, изготвената Модифицирана програма од инклузивниот тим на ООУ, индивидуални опсервации на ученикот, како и препораките од стручната служба за Меѓународна класификација на функционалност (МКФ). Специјалните едукатори и рехабилитатори од Центрите за поддршка при ОУРЦ во своите планирања опфаќаат и консултации и поддршка на стручните лица од инклузивните тимови, образовните асистенти и воспитно-образовниот кадар, а сето тоа согласно законските нормативи од Законот за основно образование и донесеното Упатство за начинот на соработка помеѓу основните училишта со ресурсен центар, центрите за поддршка на учењето и другите основни училишта од МОН. |

Стручните соработници– специјални едукатори и рехабилитатори од Центрите за поддршка, редовно и навремено изготвуваат годишни планирања за својата работа што се потврдува со најголемиот број од одговорите на прашалникот за наставници (95,7%). Исто така, најголемиот број од одговорите (94,6%) на прашалникот за родители на ученици- корисници на услугите во Центрите за поддршка, се изјасниле дека се навремено информирани за текот на третманот и работата со нивното дете.

**1.1.4**

Најголемиот број (88,5%) од образовните асистенти се изјасниле дека добиваат поддршка во изработката на неделни планови за работа и 90,12% од нив искажале дека ги унапредуваат професионалните компетенции и вештини, благодарение на редовното следење од страна на директорот и стручните соработници- координатори.

**1.1.5**

Поддршката и следењето на планирањата од страна на стручната служба се оценети како многу високи од страна на наставниците. Сите испитаници (100%) изразиле согласност дека добиваат соодветна поддршка при подготовката и реализацијата на планирањата во текот на целата учебна година, при што најголем дел (89,4%) целосно се согласуваат. Овие резултати укажуваат на ефикасна работа на стручните соработници, добра комуникација и континуирана професионална поддршка, што претставува значајна силна страна во функционирањето на училиштето.

**1.1.6**

Наставниците покажуваат високо ниво на согласност дека на Стручен актив се разменуваат информации за планирањата – 43 наставници (91,5%) целосно се согласуваат, а 4 наставници (8,5%) се согласуваат. Отсуството на негативни одговори укажува на ефективна и конструктивна размена на искуства, што придонесува за подобрување на квалитетот на наставата и примената на најдобрите стратегии за поддршка на учениците.

**1.2.1**

Резултатите од прашалниците покажуваат многу високо ниво на согласност и кај наставниците и кај родителите. Кај наставниците, 100% од испитаниците позитивно се изјасниле за реализирање и квалитетот на планирањето на наставата. Кај родителите, 94,5% сметаат дека програмите се соодветни на развојното ниво и потребите на учениците, додека мал процент (5,5%) изразуваат несогласување. Во анкетата со дефектолозите од Центрите за поддршка, беше укажано на потребата од негуватели, поради комплексноста на состојбите на децата и поради не воспоставената физиолошка контрола. Од анкетираните родители во ЦП, најголемиот број (97,3%) се изјаснети дека се повикани во ЦП, во случај на промени кај учениците

**1.2.2**

Специјални едукатори и рехабилитатори навремено изготвуваат Годишни наставни планови и програми прилагодени на индивидуалните потреби на учениците со попреченост (ИОП), со што најголем број од наставниците целосно се согласуваат, а мал број од наставниците се согласуваат. Врз основа на добиените податоци во училиштето наставниците– специјалните едукатори и рехабилитатори навремено изготвуваат Годишни наставни планови и програми прилагодени на индивидуалните потреби на учениците со попреченост (ИОП).

**1.2.3**

Образовните асистенти како членови на ИТУ и во изработката на ИОП и МП на ученикот, при што од 349 испитаници – мал број 37,2% одговорија целосно се согласуваат, мал број 39,3% се согласуваат. Од образовните асистенти незначителен број 13,5%, ниту се согласуваат, ниту не се согласуваат. На овој исказ незначителен број 7,4% не се согласуваат, а 2,6% целосно не се согласуваат. Тие во мал број (47,3%)- целосно се согласуваат дека професионално соработуваат со наставниците и стручните соработници кои реализираат ИОП и Модифицирани програми

Најголемиот број од испитаните наставници (93,6%) изработуваат модифицирани програми за учениците за секој воспитно- образовен период (тријади) и воедно напредокот редовно се следи.

Поголемиот дел од родители (55,5%) целосно се согласуваат дека се запознаени со модифицираната програма на своето дете, додека мал број се согласуваат со овој податок. Незначителен број испитаници (8,3%) немаат информација, односно (2,8%) не се согласуваат со тоа дека се запознаени со модифицираната програма на своето дете.

Од образовните асистенти поголемиот број (37,2%) целосно се согласуваат и (39,3%) се согласуваат со податокот дека се дел од ИТУ. Незначителен број (13,5%) ниту се согласуваат ниту не се согласуваат, 7,4% не се согласуваат и 2,6% целосно не се согласуваат дека се дел од ИТУ и дека учествуваат во изработка на ИОП и модифицирана програма за ученикот.

На прашањето за професионална соработка со наставниците од основното училиште и со наставници од ОУРЦ, Најголемиот број (47,3%) од образовните асистенти се изјаснија дека целосно се согласуваат, а поголемиот број (37,8%) се согласуваат. Незначителен број (10%) ниту се согласуваат ниту не се согласуваат, не се согласуваат (4,3%) и целосно не се согласуваат (0,6%).

Во однос на прашањето за задоволството од начинот и интензитетот на реализација на модифицираната програма во Центар за поддршка, најголемиот број (91,9%) од испитаните родители одговориле дека целосно се согласуваат и незначитетен број (8,1%) делумно е согласуваат.

На прашањето во однос на учеството на специјалниот едукатор и рехабилитатор од Центар за поддршка во изработка и реализација на модифицираната програма, родителите со најголем број (86,5%) се изјасниле дека целосно се согласуваат и мал дел од нив (13,5%) делумно се согласуваат.

**1.2.4.**

На прашањето „Наставниците планираат и реализираат наставни програми за изборни предмети" резултатите покажуваа дека: мал број (44,4 %) од родителите одговориле дека се согласуваат и се запознаени со планирањата и реализацијата на изборните предмети, додека мал број (38,9%) потполно се согласуваат дека наставниците планираат и реализираат наставни програми за изборни предмети, а незначителен број (16,7%) потврдиле дека немаат информација во однос на прашањето. Овие резултати покажуваат дека постои организирано планирање и реализација на наставни програми за изборните предмети во училиштето, но присуството на неутрални одговори ни ја укажува потребата од поголема информираност и запознавање на родителите со наставните програми за слободни изборни предмети во една учебна година.

**1.2.5.**

Поголемиот дел од родителите (50%) целосно се согласуваат и 47,2% се согласуваат- со податокот дека имаат позитивна перцепција и се запознаени со степенот на приспособеност на задачите, активностите и ресурсите наменети за нивното дете, во согласност со неговите индивидуални можности и потреби.
Родителите во најголем број (55,6%) целосно се согласуваат и во поголем број (38,9%) се согласуваат дека во училиштето наставниците обезбедуваат еднакви можности и соодветни услови за вклучување на учениците во училишните активности.
Најголемиот број од испитаниците целосно се согласуваат дека задачите, активностите и ресурсите се одбираат и приспособуваат на индивидуалните образовни потреби на учениците. Незначителен број (8,5%) се согласуваат.
Најголемиот дел (97,3%) од родителите целосно се согласуваат и незначителен дел (2,7%) делумно се согласуваат со фактот дека нивните деца имаат пристап до специјализирани ресурсри, технички средства и материјали во Центрите за поддршка.
Најголемиот дел од родителите (91,9%) целосно се согласуваат и незначителен дел (8,1%) делумно се согласуваат дека во Центрите за поддршка се врши стимулација на целокупниот развој на децата.

**1.2.6.**

На прашањето–“Интеракцијата помеѓу наставниците со учениците е во насока на зајакнување на самодовербата, социјализацијата и поттикнување на одговорноста, најголем број (85,1%) од наставниците целосно се согласуваат и мал број (14,9%) од наставниците се согласуваат.

**1.2.7.**

Најголемиот број (55,6%) од испитаниците целосно се согласуваат, поголемиот број (38,9%) се согласуваат дека наставниците обезбедуваат еднакви можности за вклучување на учениците во училишните активности и истите ги реализираат заедно.
Најголемиот број од наставниците (93,6%) целосно се согласуваат дека во училиштето се почитуваат етичката, верската, јазичката и културната различност кај учениците.

**1.3.1.**

Образовните асистенти во во најголем број целосно (47,3%)/ се согласуваат (41,8%) дека се вклучени во наставните и воннаставните активности организирани од страна на училиштето.
Поголемиот број од образовните асистенти (60,5%) целосно се согласуваат и поголемиот број од нив (31,5%) се согласуваат дека добиваат стручна помош од ресурсниот центар во новонастанати ситуации.
На прашањето кое се однесува на стручната поддршка во изработка на неделните планови за ученикот од страна на стручните соработници координатори, 52,4% одговориле дека целосно се согласуваат со исказот, 36,1% се согласуваат, што е висок процент на 88,5% кои генерално се согласуваат дека добиваат стручна поддршка од стручните соработници координатори.
Од одговорите на прашањето во однос на стекнувањето на компетенции, може да се увиди дека 83,1% се изјасниле позитивно на поддршката преку обуки од страна на стручните соработници од ОУРЦ.

**1.4.1.**

Наставниците оценуваат според националните стандарди за оценување- најголемиот број од одговорите на наставниците кои целосно се согласуваат (91,5%).
Родителите се редовно информирани за постигнувањата, успехот и оценките на децата, односно поголемиот број целосно се согласуваат (66,7%) и мал број (33,3%) се согласуваат.

**1.4.2.**

Најголемиот број од наставниците (85,1%) користат разновидни методи, форми, техники и инструменти за оценување на учениците.
Поголемиот дел од родителите (55,6%) целосно се согласуваат, а мал број (41,7%) се согласуваат дека методите, формите, техниките и инструментите за оценување се адаптирани кон можностите на децата, додека 2,7% немаат информација

**1.4.3.**

Најголемиот број (88,9%) од родителите се согласуваат дека преку оценките ги воочуваат силните и слабите страни кај своите деца, додека 11,1% немаат информација, односно не се согласуваат со ова тврдење.
Најголемииот број (93,6%) од наставниците- дефектолози целосно се согласуваат дека статистичките извештаи влијаат врз промените за подобрување на наставата и организирањето на активности за учениците. По извршеното анкетирање на фокус групата- наставници, 100% од анкетираните (16 наставници) одговориле дека информациите од оценувањето го користат за подобрување на наставата.
Анкетата на родителите чии деца се корисници на услуги во Центрите за поддршка укажува на податокот дека најголемиот број од нив (83,8%) целосно се согласуваат дека размената на информации на релација Центар за поддршка- ООУ е со цел целокупно следење на ученикот и неговиот напредок, додека незначителен број (16,2%) делумно се согласуваат.

**1.5.1.**

Од вкупно 47 наставници кои одговориле на прашалникот, најголемиот број (93,6%) целосно се согласуваат дека училиштето планира и реализира разновидни активности во кои се вклучени сите ученици според нивните интереси и можности, додека незначителен број (4,3%) се согласуваат.
Поголемиот број од родителите (52,8%) целосно се согласуваат дека училиштето планира и реализира вонnаставни активности според потребите и интересите на учениците, а 44% се согласуваат. Незначителен дел од анкетираните (2,8%) не се согласуваат со овој исказ.
Вкупно земено, резултатите покажуваат дека училиштето успешно планира и реализира разновидни и квалитетни воннаставни активности, кои се препознаени и позитивно оценети и од наставниците и од родителите, што придонесува за целосен развој на учениците и зголемена вклученост во училишниот живот.

**1.5.2.**

Мал број (50%) од родителите целосно се согласуваат, односно (44,4%) се согласуваат со податокот дека учениците се опфатени со активности без разлика на нивниот јазик или пол. За разлика од нив, најголем број од наставниците се изразуваат со (91,5%) целосна согласност за вклученоста на учениците во воннаставните активности, без разлика на пол и јазик на настава.

**1.5.3.**
Поголемиот број од наставниците (55.3%) целосно се согласуваат дека училиштето организира интерни натпревари и учествува на регионални и државни натпревари за учениците адаптирани според нивните интереси, можности и способности; мал број (34%) се согласуваат, додека незначителен број (6,4%) ниту се согласуваат ниту не се согласуваат, односно (4,3%) не се согласуваат.

**Силни страни**

**1.1.5.** Поддршката и следењето на планирањата од страна на стручната служба претставуваат изразена силна страна на училиштето. Фактот што 100% од наставниците (47 од 47) изразиле согласност, од кои 89,4% целосна согласност, укажува на висок степен на доверба, ефикасна комуникација и континуирана професионална поддршка. Ова придонесува за поквалитетно планирање, подобра организација на наставата и зголемен професионален развој на наставниот кадар.
**1.1.6**.Размената на информации и искуства на Стручен актив е ефективна и редовна, што овозможува подобрување на наставните планирања и примената на најдобрите стратегии за поддршка на учениците. Високото ниво на согласност кај наставниците (100% позитивни одговори) ја покажува добро воспоставената соработка и континуираната професионална поддршка меѓу наставниците, стручните соработници и образовните асистенти.
**1.2.1**.Високо ниво на задоволство и доверба кај наставниците и родителите во однос на планирањето и адаптацијата на наставните програми според потребите на учениците.
**1.2.3**. Родителите се задоволни со начинот и интензитетот на реализација на модифицираната програма во Центрите за поддршка. Истите се запознаени дека стручните соработници од Центрите за поддршка учествуваат во изработката и реализацијата на модифицираната програма. Образовните асистенти професионално соработуваат со стручните соработници при ОУРЦ “д-р Златан Сремец”. Дел од образовните асистенти учествуваат во изработката на модифицираната програма на ученикот.
**1.2.5.** Една од клучните силни страни на училиштето е високото ниво на усогласеност помеѓу родителите и наставниците во однос на квалитетот и прилагоденоста на образовниот процес. Резултатите од анкетите на родителите укажуваат на високо ниво на задоволство од работата на училиштето и Центрите за поддршка, особено во делот на задачите, активностите и ресурсите кои им се обезбедуваат на децата. Родителите ја истакнуваат соодветноста на ресурсите во однос на учењето и целокупниот развој на детето, како и успешното вклучување на децата во наставните активности. Дополнително, значаен е и индивидуализираниот пристап во работата со учениците. Анкетите покажуваат дека активностите и наставните содржини се прилагодуваат на индивидуалните способности, потреби и можности на секое дете. Во однос на наставниот кадар, има високо ниво на професионална свесност и одговорност при планирањето и реализирањето на наставата. Наставниците наведуваат дека сите материјали, задачи, активности и ресурси систематски се насочуваат кон потребите на учениците и се приспособуваат согласно нивните образовни способности. Ова укажува на континуирана примена на диференцирана и индивидуализирана настава.
**1.2.6.** Интеракцијата помеѓу наставниците со учениците е во насока на зајакнување на самодовербата, социјализацијата и поттикнување на одговорноста

ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ СО РЕСУРСЕН ЦЕНТАР Д-Р ЗЛАТАН СРЕМЕЦ-СКОПЈЕ
ул. Емил Зола бр. 5 Скопје - Општина Кисела Вода,
тел: 02/2770-446; 078/219-585

**1.2.7.** Во училиштето се почитуваат етничката, верската, јазичната и културната различност кај учениците.
**1.4.3**. ЦП и ООУ на реонот имаат воспоставено ефикасна и ефективна комуникација, со цел следење на ученикот и неговиот напредок
**1.5.1.** Воннаставните активности се адаптирани согласно комплексните потреби на учениците и дополнително вклучува планирање На инклузивни активности од аспект на почитување на етнички, верски, полови и јазични карактеристики на учениците.

**Слаби страни**

**1.2.1.** Постои голем број од децата кои се опфатени во образованието (подрачни паралелки) и оние на кои им се укажува поддршка (Центри за поддршка), кои не се опфатени со негувателска услуга, а имаат потреба од неа.
**1.2.2.**Мал број од образовните асистенти се вклучени во ИТУ на ученик во ООУ каде што даваат поддршка

**Приоритети**

**1**.Активно вклучување на образовните асистенти во ИТУ на ученик, во ООУ каде што даваат поддршка.
**2**.Обезбедување негувателска услуга- зголемување на бројот на негуватели

**Подрачје 2: Постигнување на учениците**

**Опис/резиме на подрачјето**

**2.1.1.**

Анализата на собраните податоци (годишните и полугодишните извештаи за успех, статистичката обработка на податоците за успех по тримесечја, полугодие, крај година, електронскиот дневник, ИОП-и и МНП, записниците од одделенските и наставничките совети, ПЕД, извештаите од стручните соработници и анкетите со наставници и ученици) покажува дека училиштето систематски и континуирано ги следи постигнувањата на учениците по сите наставни предмети, со детална распределба на разликите според пол и јазик на наставата во сите воспитно-образовни периоди, вклучувајќи го и напредокот кај учениците според индивидуалните цели.

Резултатите укажуваат дека во најголем број (81% - 100%) од постигањата по предмети не постојат значајни разлики помеѓу учениците од различен пол, додека кај некои предмети се забележуваат незначителни отстапувања (0% - 29%) кои се предмет на дискусија во рамките на одделенските и наставничките совети, односно стручните активи. Споредбата на податоците по јазик на настават покажува слични трендови во ученичките постигања, при што специјалните едукатори водат сметка за прилагодување на наставните стратегии согласно потребите на учениците, а со цел да се осигура инклузивност и еднаквост.

Податоците покажуваат дека постои јасна меѓусебна зависност помеѓу постигнувањата на учениците и примената на модифицирани наставни програми и ИОП-и. Кај учениците се забележува напредок во однос на индивидуално поставените цели, што е резултат на планиран и тимски пристап во работата. Анализата на податоците исто така укажува дека примената на различни методи и техники за работа, како и користењето на асистивната технологија, позитивно влијае врз зголемување на мотивацијата, активноста и воопшто врз самите постигнувања на учениците.

Споредбата со податоците од претходната самоевалуација подобрување во успехот кај најголем број (81%-100%) ученици на различни јазици на наставата, особено преку примена на диференцирани и индивидуализирани методи, ИОП и МНП, прилагодување на наставни стратегии во согласност со утврдените потреби, примена на асистивна технологија и адаптирани наставни помагала, што доведува до зголемен напредок во реализација на индивидуално поставените цели.

Триангулацијата на податоците (квантитативни податоци за успехот, квалитативни мислења на наставниците од анкети и ПЕД, и стручни извештаи) овозможува целосна и објективна слика за состојбата во ова подрачје, потврдувајќи дека системот за следење е функционален и флексибилен. Само незначителен број (0%-29%) случаи укажуваат на потреби за дополнително прилагодување кај специфични групи ученици.

Во овој процес, специјалните едукатори од ресурсниот центар играат клучна улога во следењето на напредокот на учениците со ПОП кои доаѓаат од редовните училишта, при што ги опфаќаат овие деца преку индивидуализирани сесии, даваат стручни мислења за постигнувањата и напредокот до редовните училишта за да се обезбеди континуирана поддршка. Од друга страна остваруваат соработка со родителите преку советодавна помош и редовно известување за индивидуалниот напредок на детето, што придонесува за подобра инклузија и усогласување на ИОП / МНП. Овие наставници на соодветен начин ги реализираат поставените цели на ИОП-ите или МНП кои ги даваат редовните училишта, остварувајќи соработка со стручната служба на училиштата, со матичните наставници на децата кои посетуваат ресурсен центар, како и со родителите.

Во сличен стил, образовните асистенти при редовните училишта даваат директна поддршка на ученици со ПОП преку помош во секојдневните активности, прилагодуваат материјали и ги следат индивидуалните цели од ИОП-ите / МНП, остваруваат директна соработка со матичните наставници и стручната служба за да се обезбеди инклузивна настава и континуиран напредок кај ученикот.

Специјалните едукатори и рехабилитатори при центрите за поддршка на ОУРЦ (сместени во редовните училишта) обезбедуваат директна поддршка на ученици со ПОП во редовните училишта, преку индивидуализирани интервенции, следење на напредокот според ИОП и МНП, давање стручни препораки за адаптација на наставата и соработка со наставници и родители за да се постигне инклузивна средина, со фокус на континуирано евалуирање и прилагодување на методите за следење на постигнувањата

Врз основа на добиените сознанија, училиштето заклучува дека презедените инклузивни мерки и примената на современи наставни пристапи придонесуваат за унапредување на ученичките постигнувања. Во наредниот период ќе се продолжи со нивно системско планирање и унапредување во насока на интензивирање на дополнителни активности за унапредување на постигнувањата кај учениците кај кои се забележува потреба од истите, како и за понатамошно порамнување на успехот меѓу различните групи на ученици, со цел да се постигне целосна инклузивност и оптимален напредок кај сите ученици во сите воспитно-образовни периоди.

**2.1.2.**

Целокупното следење и оценување (формативно и сумативно) на постигнувањата на учениците е јавно и транспарентно. Со цел информирање на родителите за постигањата на учениците, во училиштето постои комуникација со родителите како формални и неформални средби. Анализата на собраните податоци (од електронскиот дневник, записници од родителски состаноци, извештаи од стручна служба и анкетите со родители/старатели) укажува дека во училиштето е воспоставен јасен и доследен систем за редовно и навремено информирање на родителите за постигнувањата на учениците со акцент на нивните индивидуални напредувања според ИОП, односно МНП, како и за целокупниот личен развој на нивните деца. Системот подразбира континуирано прибирање и анализа на информации за напредокот на учениците и навремено доставување повратни информации. Во таа насока најголем број од повратните информации се детални, со конкретни препораки и насоки за унапредување на постигнувањата на секој ученик. Од спроведеното анкетирање добиваме информации дека најголем број (81%-100%) од родителите известуваат за зголемена јасност и персонализација

на информациите, особено во однос на специфичните цели од ИОП и МНП, како што се напредок во вештини, моторика или когнитивни способности.

Информирањето на родителите од страна на училиштето се движи во насока на поддршка на индивидуалниот напредок на учениците и зајакнување на партнерството со семејствата. Врз основа на добиените сознанија родителите редовно во најголем број се известуваат за успехот и постигањата на учениците преку различни форми на комуникација како: родителски состаноци, индивидуални средби, преку увид во евидентни листови за постигања на учениците по секој квалификационен период, отворени денови, и преку електронскиот дневник кој уредно се води. Резултатите укажуваат дека училиштето воспоставува редовна и навремена комуникација со родителите, односно во најголем број (81%-100%) од родителите се редовно известени преку структурирани канали како родителски состаноци, индивидуални консултативни разговори, електронски дневник и писмени извештаи. Споредбата со податоците од претходната самоевалуација открива значително подобрување на квалитетот на информирањето. (прилог)

Триангулацијата на податоците потврдува дека системот е ефикасен во промовирање на партнерство меѓу училиштето и семејствата со вклучување на директорот, членовите на стручната служба, специјалните едукатори и рехабилитатори во процесот за да се обезбеди разбирање на специфичните постигнувања и предизвици кај учениците. Овие информации се детални и опфаќаат напредок во сите области: академски резултати, социјални вештини и индивидуални цели. Сепак, незначителен број (0%-29%) случаи укажуваат на отстапување, како што се технички бариери во употребата на дигитални алатки или недоволна фреквенција на индивидуални средби за социјално загрозени семејства, што може да влијае за целосната вклученост.

Во овој процес, специјалните едукатори и рехабилитатори од ресурсниот центар активно учествуваат во информирањето за учениците со ПОП кои доаѓаат од редовни училишта, при што ги следат нивните напредоци преку редовни сесии, даваат детални мислења и извештаи за постигнувањата до редовните училишта за да се обезбеди усогласеност. Од друга страна остваруваат директна соработка со родителите преку пружање на советодавна помош и редовно известување за индивидуалниот напредок, што ги зајакнува довербата и партнерството помеѓу сите чинители. Овие наставници. Соработката на специјалните едукатори и рехабилитатори се движи и во насока на соработка со матичните наставници на учениците кои посетуваат ресурсен центар, со членовите на стручната служба на училиштето од кое доаѓа детето како и повторно, со родителите.

Во сличен стил, образовните асистенти при редовните училишта кои даваат директна поддршка на учениците со ПОП, индиректно и/или директно остваруваат комуникација со родителите при што дистрибутираат извештаи и во континуитет го следат напредокот на учениците преку реализирање на содржини од секојдневната настава. Образовните асистенти остварува соработка и со матичните наставници и членовите на стручната служба на училиштето какде даваат поддршка, со цел да се обезбеди навремено информирање на сите чинители и создавање на инклузивна средина.

Специјалните едукатори и рехабилитатори при центрите за поддршка обезбедуваат континуирана поддршка преку редовно информирање на родителите за напредокот на учениците кои се опфатени со третман во центарот, соработка со наставниците од

редовните училишта заради пренесување на стручни мислења и препораки, како и советодавни сесии за семејствата, со цел да се подобри разбирањето и домашната поддршка.

Училиштето спроведува континуирано следење на учениците по сите наставни предмети, а наставниците-дефектолози и стручните соработници одржуваат редовна комуникација со родителите, особено во однос на понатамошното образовно напредување и потребната поддршка за секој ученик. Дополнително, е-дневникот е уредно воден, што им овозможува на родителите постојан и лесен пристап до информациите за напредокот на нивните деца. Ова овозможува транспарентна комуникација и брза поддршка во случај на потреба.

Врз основа на добиените сознанија, училиштето ќе продолжи да имплементира апликации за реално-временско информирање или онлајн портали, како и да продолжи со организирање на тематски работилници за родители, за да се зајакне нивната улога во поддршката за постигнувањата, со цел да се постигне уште поголема ефективност во комуникацијата, што ќе придонесе за долгорочно подобрување на ученичките резултати и инклузивната средина во училиштето.

**2.2.1.**

Анализата на собраните податоци (од извештаите на стручната служба, записниците од одделенските и наставничките совети и стручните активи, како и анкетите со родители и наставници) покажува дека училиштето систематски имплементира мерки за поддршка на редовноста кај учениците со посебни образовни потреби, преку употреба на индивидуализирани пристапи во наставата, примена на асистивна технологија и флексибилни распореди.

Резултатите укажуваат дека најголем број (81% - 100%) од мерките се фокусирани на создавање на инклузивна средина, со активности како што се групни работилници со врсници и поддршка од директорот, специјалните рехабилитатори, стручната служба и стручните соработници, образовните асистенти и други надворешни чинители, што доведува до намалување на отсуствата во споредба со претходни воспитно-образовни периоди.

Споредбата со податоците по наставни години покажува подобрување во редовноста кај најголем број (51% - 80%) од учениците, особено преку примена на диференцирани методи на учење кои се интегрираат во редовната настава.

Триангулацијата на податоците (квантитативни статистики за отсуствата на учениците, квалитативни мислења од анкети и набљудувања на часови) потврдува дека системот на училиштето е функционален и истиот промовира инклузивност. Врз основа на изложеното, училиштето планира проширување на обуките за наставниците, членовите на стручната служба, стручните соработници и образовните асистенти и воведување на нови асистивни алатки во насока на минимизирање на отсуствата и зајакнување на инклузивната култура, со цел да се постигне уште поголема униформност во редовноста кај сите групи на ученици.

Во овој процес, специјалните едукатори и рехабилитатори од ресурсниот центар активно ги опфаќаат учениците со ПОП од редовните училишта кои доаѓаат во центарот, следејќи го нивниот напредок преку индивидуални сесии, давајќи стручни мислења за постигнувањата и редовноста до редовните училишта, со цел да се обезбеди континуирана поддршка. Исто така остваруваат соработка и со родителите преку советодавна помош и известување за напредокот на нивното дете, што придонесува за намалување на отсуствата и зајакнување на инклузивноста. Овие наставници држат третмани на учениците и воедно на соодветен индивидуализиран начин ги реализираат поставените цели на ИОП или МНП кои ги даваат редовните училишта, остварувајќи соработка со стручната служба на училиштата, со матичните наставници на децата кои посетуваат ресурсен центар, како и со родителите. Во рамките на инндивидуализираниот третман се применуваат разни методи (сензорна интеграција, монтесори педагогија, АБА, ПЕКС (визуелна поддршка) кои придонесуваат исто така за намалување на отсуствата и зајакнување на инклузивноста. Наставниците од Ресурсниот центар обезбедуваат континуирани стручни услуги и претставуваат поддршка на редовните училишта во процесот на реализација на инклузивната настава. Целта и фокусот на сите чинители е зголемување на вклученоста и редовноста на учениците со попреченост.

Образовните асистенти при редовните училишта даваат директна поддршка на учениците со ПОП преку помош во редовната посета на наставата, прилагодување на содржините и следење на редовноста. Тие директно соработуваат со матичните наставници и стручната служба со цел да се обезбеди инклузивна средина и намалување на отсуствата.

Специјалните едукатори во центрите за поддршка, обезбедуваат поддршка за редовност преку индивидуализирање на целите од ИОП и МНП за секој ученик, соработка со наставниците во насока на имплементирање на инклузивни методи во секојдневната настава, следење на отсуства и давање препораки за флексибилни пристапи, како и советување на родители за домашна поддршка.

Врз основа на добиените сознанија, училиштето планира активности за унапредување на постигнувањата кај учениците кај кои се забележува потреба од истите, како и за понатамошно порамнување на успехот меѓу различните групи на ученици.

**2.2.2.**

Анализата на податоците од записниците од индивидуални средби, анкетите со родители и извештаите од стручната служба укажува дека училиштето редовно спроведува советувања фокусирани на индивидуалните потреби на учениците согласно ИОП-ите и МНП, како и од препораките дадени од МКФ, со акцент на поставување и следење на развојните цели за учениците.

Резултатите покажуваат дека најголем број (81% - 100%) од советувањата вклучуваат активно учество на наставниците и стручната служба, што доведува до подобрување на образовните резултати во споредба со податоци од претходни години.

Анализата на резултатите открива покажување задоволството кај најголем број (81% - 100%) родители / старатели, кои известуваат за корисноста на персонализираните препораки за домашна поддршка.

Триангулацијата на податоците (записници од средби, анкетни одговори и ПЕД) овозможува поцелосна слика за ефективноста, потврдувајќи дека мерките се добро интегрирани во училишниот систем, но незначителен број (0% - 29%) од случаите укажуваат на потреба од поголема флексибилност во закажувањето на термини за средби, како и почести онлајн сесии за далечинско советување. Врз основа на добиените сознанија од претходната самоевалуација, училиштето работи на развивање на дигитални форми за континуирано советување, во континуитет организира групни работилници за родители, со цел да се унапредат резултатите преку поголема вклученост и прилагодување на индивидуалните цели, што ќе придонесе за долгорочно подобрување на постигнувањата кај учениците со специфични потреби.

Специјалните едукатори од ресурсниот центар го следат напредокот на учениците кои доаѓаат од редовните училишта преку редовни средби, давајќи стручни мислења за постигнувањата и развојните цели како со редовните училишта така и со самите родители. Со родителите се остварува тесна соработка преку советодавна помош и детално известување за индивидуалниот напредок, што ја зголемува ефективноста на советувањата.

Образовните асистенти при редовните училишта даваат директна поддршка на учениците со ПОП преку учество во советувања, помош во поставување на развојните цели и континуирано следење на индивидуалните потреби на учениците. Тие тесно соработуваат со матичните наставници и стручната служба, со цел да се обезбеди персонализирана поддршка а со самото тоа и унапредување на резултатите од учењето.

Специјалните едукатори при центрите за поддршка водат советувања за родители и ученици со ПОП, фокусирајќи се на индивидуалните потреби и реализирање на развојните цели. Во континуитет остваруваат соработка со редовните наставници при што вршат взаемно пренесување на стручни мислења и обезбедуваат персонализирана помош за унапредување на резултатите од учењето.

**2.2.3.**

Училиштето постојано работи на подобрување за постигнувањата на сите ученици. Подобрување на постигањата на учениците преку редовната настава се постигнува преку зголемена активност на учениците за време на наставниот час, индивидуализиран пристап од страна на наставниците и постојано поттикнување и поддршка на учениците за совладување на материјалот преку примена на методи, техники и стратегии. Покрај редовната, училиштето обезбедува и дополнителна настава во текот на целата учебна година, со цел унапредување на постигањата на учениците. Наставата се организира според потребите на учениците и ги опфаќа сите националности. Активностите од дополнителната настава влијаат на поттикнување на успехот на учениците и надминување на потешкотиите, индивидуално или во група, за одредена содржина и наставен предмет. Анализата на собраните податоци од евалуациите по тримесечја, извештаите за дополнителна настава, неделните планирања на наставниците и увидот во електронскиот дневник, како и анкетите со наставници покажува дека училиштето ефикасно имплементира мерки за подобрување на постигнувањата преку адаптирање на редовната и дополнителната настава, со фокус на развојот на вештини според ИОП и МНП.

За учениците кои работат по старата концепција, специјалните едукатори подготвуваат годишно планирање и евиденција на реализираните активности во посебни обрасци (16,17) како и во електронскиот дневник во делот за дополнителна / додатна настава. Дополнителната настава со учениците по новата концепција се реализира со сите ученици, со нагласување на оној на кој му е потребна. Се работи со прилагодени и диференцирани задачи и индивидуален пристап, а напредокот се следи преку портфолија и училишна документација.

Резултатите покажуваат дека најголем дел (81%-100%) од активностите се насочени кон индивидуализиран пристап од страна на специјалните едукатори и рехабилитатори, со цел подобрување на индивидуалните постигнувања кај учениците со специфични потреби. Собраните податоци укажуваат на подобрување во развојот на способностите кај учениците кои следат МНП, преку употреба на диференцирани техники и асистивни помагала.

Од друга страна, од спроведената триангулација на податоците (статистики од напредокот, мислења од наставниците, набљудувања на часови) се потврдува дека треба да се продолжи со имплементирање на дополнителната настава, при што посојано треба да се воведуваат нови методи, техники и технологии за да се задоволат потребите на поголем број случаи кои бараат дополнителни ресурси за интензивна поддршка во вештините како што се комуникација и моторика.

Во овој процес, специјалните едукатори од ресурсниот центар кои ги опфаќаат учениците од редовните училишта го следат нивниот напредок преку дополнителни сесии, давајќи при тоа стручни мислења за постигнувањата и развојот на вештини до редовните училишта. Од друга страна остваруваат соработка со родителите преку пружање на советодавна помош и известување за напредокот, што го забрзува подобрувањето на постигнатите резултати кај учениците.

Образовните асистенти при редовните училишта даваат директна поддршка на ученици со ПОП преку пружање помош како во редовната така и во дополнителната настава. Тие учествуваат во прилагодување на активности за развој на вештини и следење на поставените цели од ИОП-от и МНП. Тесно соработуваат со матичните наставници и стручната служба на училиштето со цел да се обезбеди што поуспешен и континуиран напредок кај ученикот во секој поглед, како и инклузивност во училишната средина.

Специјалните едукатори при центрите за поддршка покрај редовната, за учениците со ПОП, обезбедуваат и дополнителна настава и развој на вештини преку примена на разни методи, техники и средства во работата. Тие тесно соработуваат со редовните наставници во насока на усогласување со ИОП и МНП, следење на напредокот и давање препораки за индивидуализирани активности за подобрување на постигнувањата.

Преку извршената анализа на податоци од анкетите на родителите (како и со споредбата на податоците од претходната самоевалуција), констатирано е дека поголем дел од родителите (58,3%) се согласуваат или целосно се согласуваат дека на учениците во училиштето им е овозможена дополнителна настава која придонесува за подобрување на ученичките постигнувања, додека мал број од родителите

(41,7%) или не се информирани, или пак не се согласуваат со ваквиот исказ. Од таа причина со дел од родителите е спроведено анализирање на проблемот во форма на фокус група и констатирано е дека **ваквиот резултат се должи на следново:**

**- наставниците кои работат по новата концепција за основно образование, немаат обврска да изготвуваат посебен план за дополнителна/додатна настава, ниту да ја реализираат во рамки на задолжителен фонд на часови кој би бил формално евидентиран;**

**- врз основа на согледаните потреби на учениците, наставниците реализираат соодветни дополнителни активности, кои се евидентираат во електронскиот дневник.**

**- ваквата состојба не зависи само од училиштето и наставниците, туку во голема мера зависи и од податокот дека дел од родителите имаат ограничен пристап кон употреба на дигитални алатки, или пак не можат да користат дигитални платформи заради технички бариери заради што и немаат можност за навремено информирање и следење на напредокот на децата.**

Врз основа на овие податоци, училиштето ќе настојува бидат изготвени посебни писмени известувања до родителите на учениците кај кои ќе се воочат потешкотии во совладувањето на материјалот по поедини предмети.

**Силни страни**

**2.1.1.**

- Добрите резултати од постигнувањата се должат на функционална примена на ИОП и МНП и зачестени евалуации и ревидирање на истите
- Широка употреба на диференцирани методи, техники и асистивна технологија за учениците со комплекси потреби, што овозможува прецизно следење на напредокот.

**2.2.1.**

- Ефективна имплементација на индивидуализиран пристап и примена на асистивна технологија како мотив за намалување на отсуства
- Создавање инклузивна средина преку организирани активности со ученици од други училишта/градинки, институции од невладин сектор, како и од локалната самоуправа и пошироко.

**Слаби страни**

**2.2.3.**

- Ограничена употреба на дигитални алатки и дигитални платформи во некои семејства, заради технички бариери.

**Приоритети**

**2.2.3.**

- Изнаоѓање на алтернативни начини за комуникација и информирање на родители во насока на поддршка на учењето и напредокот на нивните деца.

**Подрачје 3: Училишна клима**

**Опис/ резиме на подрачјето**

**3.1.** Во рамките на подрачјето Училишна клима и односи во училиштето беа анализирани ставовите на родителите/испитаници преку анкетни прашања кои се однесуваат на безбедноста, меѓусебната почит и позитивните вредности како и информираноста за Кодексот за родители и почитување на пропишаните правила и обврски кон Центарот за поддршка од училиштето.

**3.1.2.** Од анкетата спроведена на 37 родители на ученици од Центрите за поддршка, кои се изјасниле за тврдењето „Запознаен сум Кодексот за родители и во континуитет ги почитувам пропишаните права и обврски кон Центарот за поддршка“, најголем број од родителите се изјасниле дека целосно се согласуваат, а незначителен број се изјасниле дека целосно не се согласуваат со истото.

Од анкетата за ученици, во однос на тврдењето „Знам што е убаво однесување и кои се правилата на однесување во училиштето“, од 42 испитани ученика, најголем број се изјасниле со се согласувам, а незначителен број со не се согласувам и со не знам.

Со споредување на податоците добиени од анализата на овие искази, кои се однесуваат на Кодексот на однесување и неговото почитување од страна на родителите и учениците, забележано е дека и во двете анкети поголемиот дел од испитаниците се изјасниле со одговорот се согласувам, во однос на почитување на правилата и принципите на училиштето кои се поставени во Кодексот на однесување, а истото понатаму во целокупните активности придонесува за позитивна и конструктивна соработка меѓу училиштето и семејствата.

**3.1.3.** Од 36 анкетирани родители, во однос на тврдењето „Училиштето обезбедува пријатна и безбедна атмосфера и промовира позитивни вредности и почит кон сите ученици“, најголем број од испитаниците имале позитивен став и се изјасниле со позитивен одговор, а незначителен број од испитаниците изјавиле дека не се согласуваат.

Од анкетата спроведена на вкупно 42 ученика во однос на констатацијата „Сакам да одам на училиште и добро се чувствувам, најголем број ученици се изјасниле со се согласувам, а незначителен број (само 1 ученик) со не се согласувам.

Добиените резултати од двете анкети укажуваат дека училиштето во голема мера обезбедува пријатна и безбедна атмосфера, во која се негуваат позитивни вредности и почит кон сите ученици.

**3.2**. Во рамките на вториот индикатор од ова подрачје, врз основа на спроведениот прашалник за наставници, извршена е анализа на ставовите поврзани со учеството на учениците во донесувањето одлуки и решавањето проблеми преку активностите на ученичкиот парламент, соработка со поддршка од наставниците и стручните соработници.

**3.2.1**. Во однос на изјавата „Учениците учествуваат во донесување на одлуки и решавање на проблеми преку активностите на ученичкиот парламент, со поддршка од родителите, наставниците и стручните соработници“, добиените резултати покажуваат високо ниво на согласност. Имено, најголемиот број од наставниците се изразиле со целосна согласност со наведената изјава, а незначителен број од испитаниците имаат неутрален став, додека не е евидентирана несогласност или целосна несогласност.

Од анализата на резултатите може да се заклучи дека наставниците во голема мера ја препознаваат и поддржуваат активната вклученост на учениците во процесите на донесување одлуки и решавање проблеми во училиштето. Високиот процент на согласност укажува на функционалност на ученичкиот парламент и на позитивна соработка меѓу учениците, наставниците и стручните соработници. Овие резултати потврдуваат дека училиштето создава услови за активно ученичко учество, демократско делување и развивање на одговорност кај учениците.

Од направената анкета на наставници, од вкупно 47 испитаници, најголем дел од наставниците се изјасниле дека целосно се согласуваат со тврдењето „Преку планираните содржини и активности учениците се запознаваат со правата на децата и улогата на народниот правобранител“, а незначителен број, односно 2 испитаника се изјасниле дека ниту се согласуваат ниту не се согласуваат. Нема испитаници кои се изјасниле дека не се согласуваат или целосно не се согласуваат.

Врз основа на спроведениот прашалник за родители, во однос на изјавата „Во училиштето се почитуваат правата на децата и сите ученици имаат еднаков и правичен третман“, добиените резултати укажуваат на високо ниво на согласност и сите родители се изјасниле со позитивен одговор.

Со споредување на добиените резултати се укажува на високо ниво на согласност и се потврдува дека наставниците во голема мера придонесуваат кон информирање на учениците за детските права и улогата на народниот правобранител, а родителите во најголем дел имаат позитивна перцепција за начинот на кој училиштето делува во однос на ова прашање. Од анализата на добиените резултати може

да се заклучи дека во училиштето во се почитуваат правата на децата и се обезбедува еднаков и правичен третман за сите ученици. Позитивните ставови на родителите укажуваат на доверба во воспитно-образовниот процес и во работата на училиштето.

**3.2.2.** Од анкетата направена на образовните асистенти, во исказот за нивно активно учество во реализација на програмата на Тимот за мултиетничка интеграција, поголем број од испитаните образовни асистенти имале позитивен исказ, но мал број од образовните асистенти имаат неутрален став, а исто така има и одреден број негативни искази во однос на нивното активно учество во реализација на програмата на Тимот за мултиетничка интеграција.

Од добиените резултати од анкетата, кои се однесуваат на активното учество на образовните асистенти и учениците на кои им даваат поддршка во редовните училишта од реонот, при реализацијата на програмата на Тимот за мултиетничка интеграција, се согледува дека значителен дел од нив се вклучени во активностите. Сепак, вклученоста не е доволно застапена и системски обезбедена, односно не секогаш подразбира активно и суштинско учество на учениците со посебни образовни потреби во активностите за мултиетничка интеграција. Ваквата состојба резултира со ограничени можности овие ученици да бидат рамноправни и активни чинители во процесите на градење интеркултурен дијалог, соработка и меѓусебно почитување. Оттука произлегува потребата од појасно планирање, подобра координација и соодветно прилагодување на активностите, со цел да се обезбеди квалитетно и суштинско учество на учениците со попреченост, во согласност со принципите на инклузивно образование.

**3.3.** Во третиот индикатор од ова подрачје, врз основа на спроведените прашалници за наставници и родители, извршена е анализа на ставовите поврзани за вклученоста на родителите во училишните и вонучилишните активности, како и соработката на училиштето со основните училишта, МОН, БРО, општината и високообразовните установи, институции од областа на културата, уметноста и спортот, невладиниот сектор и бизнис заедницата.

**3.3.1**. На констатацијата „Училиштето нуди можности и активности за учество на родителите/ старателите во училишните и вонучилишните активности", најголем број од родителите се согласуваат, а незначителен број од испитаните родители немаат информации за учеството на родителите/ старателите во училишните и вонучилишните активности.

Од анализата на тврдење со слична конотација „Родителите се вклучени во училишните и вонучилишните активности преку работилници, базари и други настани", одговорено до страна на наставниците, констатирано е дека сите наставници се изјасниле со позитивен одговор.

Според добиените резултати од овие анкети, доаѓаме до заклучок дека наставниците сметаат дека училиштето активно учествува во заеднички активности и проекти со родителите и дека соработката придонесува за подобрување на квалитетот на воспитно-образовната работа и поддршката на учениците. Одговорите укажуваат дека постои добра комуникација со родителите како и подготвеност за понатамошно унапредување на соработката. Од друга страна, родителите сметаат дека училиштето покажува отвореност за соработка, навремено ги информира за активностите, напредокот и потребите на учениците и создава можности за нивно активно вклучување во

воспитно-образовниот процес. Забележано е дека родителите ја препознаваат улогата на училиштето како партнер кој ги почитува нивните ставови и предлози и ги вклучува преку различни форми на комуникација и учество во планираните активности. Резултатите укажуваат дека родителите имаат доверба во училиштето и ја поддржуваат соработката со институцијата и заедницата во интерес на учениците. Следствено на тоа се добива слика дека постои голема соработка помеѓу училиштето и родителите при планирањето и реализирањето на воннаставните активности.

**3.3.3**. На констатацијата „Училиштето остварува добра соработка со основните училишта, МОН, БРО, општината и високообразовните установи, институции од областа на културата, уметноста и спортот, невладиниот сектор и бизнис заедницата“, сите наставници одговориле дека се согласни.

Споредувањето на резултатите од извршената анкета на наставниците, анализата на документацијата во училиштето, како и анализата на реализираните заеднички проекти и настани, укажува дека училиштето остварува добра соработка со основните училишта, МОН, БРО, општината и високообразовните установи, институции од областа на културата, уметноста и спортот, невладиниот сектор и бизнис заедницата со што се подобрува квалитетот на воспитно образовниот процес и добросостојбата на учениците.

**3.4.** Во делот на индикаторот- Севкупна грижа за учениците, врз основа на спроведените прашалници за наставници, родители и образовни асистенти, извршена е анализа на ставовите во однос на темите: превенција и заштита од насилство, заштита од пушење, алкохол и од дрога, квалитет на достапна храна, хигиена и заштита од болести, грижа за безбедноста на учениците и вработените, грижа за учениците од социјално загрозени семејства, грижа за учениците со здравствени проблеми, грижа за учениците со емоционални тешкотии и давање помош при изборот за продолжување на образованието и поддршка за учениците со попреченост, со цел да се овозможи нивен успешен транзиционен процес.

**3.4.1.** Од направената анкета за родители, на вкупно 36 испитаници, најголемиот број се изјасниле дека стручната служба на училиштето, планира и реализира работилници и предавања наменети за родителите и учениците, со цел превенција и заштита на учениците од насилство, вклучувајќи го и врсничкото насилство и заштитата од негативното влијание на истото врз целокупното функционирање на учениците, а незначителен број од испитаните родители, одговориле дека немаат информација за истото.

Резултатите добиени од анкетата за родители за ова прашање, покажуваат дека училиштето презема соодветни активности за превенција и заштита од насилство. Отсуството на негативни одговори укажува на позитивна клима и доверба на родителите во спроведените мерки.

**3.4.3.** Од анализата на податоците добиени за тврдењето „Училиштето се залага за одржување на целокупната хигиена и води грижа за квалитетот и разновидноста на храната во училиштето“ , најголем број од родителите се изјасниле со позитивен став, незначителен број од родителите немаат информација и не се согласуваат.

Од приложените податоци од анкетата може да се заклучи дека, родителите сметаат дека училиштето се грижи за квалитетот на храната што им се нуди на учениците, а одговорите укажуваат и дека училиштето се залага за целокупната хигиена во училиштето.

**3.4.4.** Од анализата на одговорите на анкетата за родители во однос на исказот „Согласно прописите и законските одредби, училиштето ги спроведува пропишаните санитарни и систематски прегледи за наставниците и учениците", најголемиот број од наставниците се изјасниле дека целосно се согласуваат.

Добиените резултати на анкетата укажуваа на целосна усогласеност на училиштето со законската регулатива во делот на здравствена заштита. Како исход од ваквата практика, се обезбедува навремено следење на здравствената состојба на наставниците и учениците, се намалуваат здравствените ризици и се создава безбедна и здрава училишна средина, што позитивно влијае врз квалитетот на воспитно-образовниот процес и општата училишна клима.

**3.4.5.** Од спроведената анкета на 47 наставници, во однос на тврдењето „Училиштето презема активности за надминување на архитектонските бариери, со цел да се подобри функционалноста на учениците со физичка попреченост", најголем број од наставниците позитивно се изјасниле, а незначителен број се изјасниле со ниту се согласувам, ниту не се согласувм и со не се согласувам. Целосно не се согласувам, не е избран како одговор.

Од триангулацијата на податоците (спроведената анкета за наставниците, извештаи од дискусијата во фокус група со наставници, анализата на документација и набљудување на фактичката состојба во инфраструктурната изведба на училиштето), констатирано е дека училиштето презема активности за надминување на архитектонските бариери со цел подобрување на функционалноста и пристапноста за учениците со физичка попреченост. Имено, училиштето има обезбедено рампа и гасеничар за да се обезбеди пристап на ученици со телесна попреченост, со што е направен значаен чекор кон подобрување на пристапноста во училишниот простор. Но со оглед на инфраструктурата на училиштето и специфичните потреби на учениците, постои потреба од дополнително адаптирање и унапредување на просторните услови, што би овозможило непречено и безбедно движење на сите ученици и користење на сите училишни простории.

Според исказите за констатацијата „Во училиштето се застапени сите стручни профили кои придонесуваат за обезбедување на добросостојба и безбедност на учениците", добиени се следниве резултати: најголем број од наставниците позитивно се изјасниле, а мал број се изјасниле со ниту се согласувам, ниту не се согласувам и со не се согласувам. За одговорот целосно не се согласувам не се изјаснил ниту еден испитаник.

Во однос на оваа констатација од триангулацијата на податоци (спроведената анкета за наставниците, дискусија во фокус група со наставници и анализа на документација за Правилник за организација и систематизација на работата и работните места) констатирано е дека постои потреба од вклучување во училиштето на повеќе стручни профили од медицински персонал (лекар, медицинска сестра, физиотерапевт), со што би се овозможило дополнителна и континуирана поддршка на одредени ученици, како и ангажирање на лице за обезбедување на училиштето. Во училиштето констатиран е зголемен број на ученици со телесна попреченост

кои користат инвалидски колички и имаат целосна одземеност на долните екстремитети. За овие ученици потребна е поголема грижа и внимание, а тоа ја наметнува потребата за нивна поддршка од лични асистенти. Дополнително, дел од нив имаат одредено од надлежни институции лични асистенти, но истите не им се доделени, со што се оневозможува нивно оптимално функционирање во училишната средина. Сето тоа ја наметнува потребата од зголемување на претходно споменатиот кадар. Истиот дополнително ќе придонесе за подобрување на функционалноста и добросостојбата на учениците.

Од анализата на податоците за констатацијата „Во согласност со законските обврски за заштита од пожар, вработените во училиштето имаат посетено обука за постапување во случај на пожар, со цел обезбедување на сигурна и безбедна средина за учениците и персоналот", се забележува дека најголем број од наставниците се изјасниле со исказот се согласувам, а мал број одговориле со не се согласувам.

Во однос на ова тврдење, според податоците кои се добиени од спроведената анкета, констатирано е дека училиштето ги почитува законските обврски и обезбедува соодветни услови за заштита и безбедност на учениците и вработените. Наставниците се запознаени со основните процедури за евакуација и безбедносно постапување во случај на пожар. Согласно пропишаното се организираат обуки и симулациски вежби на одреден временски период, со цел сите вработени да бидат обучени и целосно подготвени за постапување во итни ситуации, бидејќи континуираната едукација во оваа област е клучна за обезбедување сигурна и безбедна средина за учениците и персоналот.

Од анкетата што е направена на 36 родители, во однос на тврдењето „Родителите навремено се запознаени со интерниот протокол за безбедност на учениците", добиени се следниве резултати: најголем број од родителите се согласуваат, а незначителен број не се информирани за истото.

Со триангулацијата и споредбата на анализата на податоците од ова тврдење на кое одговориле родителите, увид во записниците од Родителски состаноци и анализата на добиените резултати за тврдењето „Примената на протоколот за безбедност и бихевиоралниот план за справување со предизвикувачко однесување, дава добри резултати", на кое одговориле наставниците, се согледува дека употребата на Протоколот за безбедност, на начинот на кој се применува е функционална и доведува до позитивен исход при решавање на различни ситуации со кои се среќаваат наставниците и родителите во текот на престојот на учениците во училиште и низ целокупниот воспитно- образовен процес.

Од анкетата спроведена на 349 образовни асистенти, на исказот „Образовниот асистент придонесува ученикот со попреченост да се чувствува безбедно и прифатено од возрасните и врсниците", сите образовни асистенти се изјаниле дека се согласуваат. На овој исказ немаме ниту неутрални, ниту негативни одговори од страна на образовните асистенти.

Од анализа на податоците од анкетата за родителите од Центрите за поддршка, за исказот „Моето дете се чувствува безбедно и е прифатено во Центарот за поддршка", најголем број од испитаниците се изјасниле со целосно се согласувам, а незначителен број се изјаниле со делумно се согласувам. Понудената можност- целосно не се согласувам, не е избрана како одговор од родителите.

Со споредувањето на податоците добиени од анализата на прашалникот за образовните асистенти кои работат во редовните училишта со инклузирани деца и податоците од прашалникот за родители на истите деца кои користат услуги во Центрите за поддршка, се согледува усогласеност во перцепциите на двете групи испитаници. Имено и образовните асистенти и родителите во висок степен ја препознаваат улогата на училиштето со ресурсен центар, како клучен фактор во обезбедувањето безбедна, прифатлива и поддржувачка средина за учениците со попреченост. Добиените резултати укажуваат дека ресурсната активност на училиштето со ресурсен центар има континуиран и позитивен ефект врз чувството на сигурност, прифатеност и емоционална благосостојба на учениците, како во редовните училишта, така и во Центрите за поддршка, што потврдува функционална соработка и заемно надополнување на улогите на сите вклучени чинители.

**3.4.6.** Од 36 анкетирани родители, во однос на констатацијата „ Училиштето организира активности, со цел помагање на учениците од социјално загрозените семејства", најголем број од родителите се изјасниле дека се согласуваат, а незначителен број се изјасниле дека немаат информации за истото, како и дека не се согласуваат.

Со триангулацијата на податоците добиени од анализата на анкетата, евиденцијата од документацијата на стручниот тим на училиштето, како и податоците од извештајот од дискусијата во фокус групата со родители, може да се заклучи дека информираноста за активностите на училиштето, со цел помагање на ученици од социјално загрозени семејства е насочена првенствено кон родителите чии деца се директно опфатени со ваквите форми на поддршка. Родителите кои не припаѓаат во оваа категорија не се информирани за овие активности, што е во согласност со почитувањето на принципите на доверливост и зачувување на достоинството на учениците и нивните семејства. Ваквиот пристап се оценува како соодветен и оправдан од аспект на создавање чувствителна и поддржувачка училишна средина.

**3.4.7.** Од анализата на собраните податоци од спроведениот прашалник за родители/старатели, по однос на тврдењето „Училиштето води грижа за здравствената состојба на учениците преку предавања и работилници за здраво живеење и соработка со здравствени институции", Најголем број од родителите/старателите на учениците се согласуваат со ова тврдење, а незначителен број од родителите/старателите на учениците, не знаат или немаат информација за ова тврдење.

Спроведената анализа на добиените одговори на ова тврдење, доведува до заклучок дека училиштето води грижа за здравствената состојба на учениците преку реализација на низа предавања и работилници за здраво живеење како и преку соработка со здравствени институции.

Од анализата на собраните податоци од спроведениот прашалник во Центрите за поддршка, наменет за родителите/старателите чии деца посетуваат Центри за поддршка, од анкетирани вкупно 37 родители/старатели, по однос на тврдењето „Навремено сум информиран/ повикан доколку настанат некои тековни промени со состојбата кај моето дете (здравстена состојба, физиолошки

состојби), најголем број од родителите целосно се согласуваат, а незначителен број од родителите делумно се согласуваат со ова тврдење.

Од анализата на ова тврдење, се согледува дека родителите/старателите на учениците во склоп на Центрите за поддршка навремено се информирани за тековни здравствени и развојни промени кај учениците, што претставува показател за успешна меѓусебна соработка помеѓу Центрите за поддршка и родителите/старатели на учениците кои ги посетуваат истите.

Од анализата на собраните податоци од спроведениот прашалник за наставници се согледува дека анкетирани се вкупно 47 наставници. По однос на тврдењето „За здравјето, безбедноста и благосостојбата на учениците, како и за емпатичното пристапување во решавањето на проблеми како кај учениците, така и кај нивните семејства се грижат сите вработени во училиштето", најголем број од наставниците се согласни со ова тврдење, а незначителен број од наставниците немаат информација за ова тврдење.

Од анализата на податоците кои се однесуваат на даденото тврдење, се доведува до заклучок дека вработените во училиштето со целата своја стручност, хуманост и емпатичен пристап се грижат за здравјето, безбедноста и благосостојбата на учениците. Според добиените резултати од оваа анкета, училиштето претставува безбедна и стимулативна средина за учење и работа, и води грижа за хигиената и за здравјето на учениците.

Споредбата на податоците од прашалниците за родители/старатели, родители/старатели на ученици во Центрите за поддршка и наставници покажува дека училиштето систематски и континуирано води грижа за здравјето, безбедноста и благосостојбата на учениците. Родителите ја препознаваат грижата преку реализирани предавања, работилници за здраво живеење и соработка со здравствени институции, додека родителите на учениците во Центрите за поддршка потврдуваат навремена информираност и добра комуникација. Наставниците укажуваат на заедничка и емпатична вклученост на вработените во училиштето, што резултира со безбедна и поддржувачка средина за учениците. Во целина, усогласеноста на податоците од сите извори потврдува дека понудените содржини се соодветно планирани, ефективно реализирани и позитивно влијаат врз здравјето, безбедноста и благосостојбата на учениците, што дава позитивна слика за севкупната грижа за учениците во училиштето.

**3.4.8**. Наставниците, специјалните едукатори и рехабилитатори и стручната служба, преку секојдневната комуникација во воспитно-образовните, активности навремено ги идентификуваат учениците со емоционални проблеми и при забележаните промени во однесувањето се реагира навремено и соодветно, преку обезбедување на стручна поддршка и психосоцијална помош, без разлика на причините за појавата (семејно насилство, негрижа, развод на родители, болест во семејството, посттрауматски искуства и сл.)

Од анализата на добиените податоци од спроведениот прашалник за наставници се согледува дека од испитани 47 наставници, во однос на тврдењето „Примената на протоколот за безбедност и бихевиоралниот план за справување со предизвикувачко однесување, дава добри резултати", најголем број од наставниците се изјасниле со позитивен одговор, а незначителен број ниту се согласуваат, ниту не се согласуваат.

Триангулацијата на податоците, обезбедена преку анкетите за наставници и родители, извештајот од дискусијата во фокус група со наставници и споредбата со Самоевалуацијата на училиштето од 2023 година, го потврдува значењето на примената на Протоколот за безбедност и бихевиоралниот план за справување со предизвикувачко однесување на учениците.

Од направената анализа на податоците од анкетата, се доведува до заклучок дека кај наставниот кадар преовладува позитивната перцепција и искуство за ефикасноста на протоколот и бихевиоралниот план, што укажува на нивната оправданост и корисност во практиката. Со споредба на податоците од Самоевалуацијата на училиштето од 2023 година, во контекст на справувањето со учениците со предизвикувачко однесување, се забележува напредок во однос на истото, преку примена на Протоколот за безбедност и изработката на бихевиорлниот план за следење и надминување на проблемите со учениците со предизвикувачко однесување. Со зголемувањето на бројот на учениците со предизвикувачко однесување во училиштето, како и со зголемувањето на новиот наставен кадар, се зголемува потребата од надградување на наставниот кадар (одржување обуки, работилници), за запознавање со начинот на изработка на бихевиоралниот план и други методи и техники за справување со учениците со предизвикувачко однесување.

Од анализата на собраните податоци од спроведениот прашалник за родители/старатели се согледува дека од испитани 36 родители/старатели, најголем број од родителите/старателите се изјасниле дека се согласуваат, незначителен број од родителите/старатели немаат информација и незначителен број од родителите/старатели не се согласуваат со тврдењето „Училиштето организира и реализира обуки и работилници, со родителите со цел да се превенираат емоционалните проблеми на учениците на училиште и во домашни услови“.

Од анализата на податоците добиени од оваа анкета за родителите, се согледува дека родителите/старателите ја препознаваат и позитивно ја оценуваат улогата на училиштето во поддршката и превенцијата на емоционалните тешкотии кај учениците.

Од анализата на собраните податоци од спроведениот прашалник во Центрите за поддршка, наменет за родителите/старателите чии деца посетуваат Центар за поддршка се согледува дека од испитани 37 родители/старатели, најголем број родители/старатели целосно се согласуваат, а незначителен број родители/старатели делумно се согласуваат и ниту еден родител целосно не се согласува со тврдењето „Како родител сметам дека најдобро го познавам своето дете и моето мислење е земено во предвид во однос на неговите потреби и емоционални состојби“.

Од анализата на податоците кои се добиени за ова тврдење, се согледува дека родителите во висок степен се чувствуваат вклучени во процесот на донесување на одлуки, што укажува на добра соработка и партнерски однос меѓу Центрите за поддршка и семејствата.

Со споредбата на податоците од анализите од двата прашалници за родители (родители од основното училиште со ресурсен центар и родители од Центрите за поддршка) и добиените позитивни резултати од истите, ни укажува на фактот дека постои усогласеност во перцепциите на родителите во однос на поддршката, соработката и вклученоста во процесот на задоволување на емоционалните и развојните потреби на учениците, како и дека се гради стабилен и партнерски однос помеѓу училиштето, центрите за поддршка и родителите.

**3.4.9.** Анкетата спроведена меѓу родителите во однос на тврдењето „Училиштето реализира активности за професионална ориентација и навремено ги информира учениците и родителите“, покажува дека најголемиот број од родителите позитивно се изјасниле, но и мал број од родителите се изјасниле дека немаат информација.

Со триангулацијата на податоците од спроведената анкета, извештајот од дискусијата во фокус групата со родители и анализата на соодветната документација за организирање активности за професионална ориентација на учениците, може да се согледа дека добиените резултати се очекувани, со оглед на тоа дека професионалната ориентација се спроведува само со учениците од осмо и деветто одделение, па родителите на учениците од пониските одделенија природно немале можност за искуство или сознанија за овие активности. Нема негативни оценки, што покажува дека меѓу информираните родители, перцепцијата е позитивна. Врз основа на ова, се заклучува дека оваа област е позитивна страна на училиштето, со потенцијал за дополнително јакнење на видливоста и комуникацијата за активностите кон родителите на учениците од пониските одделенија, за да сите се почувствуваат информирано.

**Силни страни**

- Многу добра соработка меѓу родители- училиште- наставници
- Многу добра соработка меѓу училиштето и МОН, БРО, локалната и урбаната заедница и други воспитно образовни установи
- Училиштето создава средина што го поттикнува чувството на сигурност доверба и поддршка кон учениците и родителите, што позитивно влијае врз психофизичкото здравје и општата благосостојба на учениците.
- Постојат функционални механизми за соработка со родителите, образовните асистенти и Центрите за поддршка, што придонесува за навремено препознавање на безбедносните и емоционалните потреби на учениците.
- Ефикасна примена на Протоколот за безбедност и изработка на бихевиоралниот план од страна на дел од наставниците, со системски пристап во справувањето со предизвикувачко однесување и различни емоционални состојби на учениците
- Активна улога на училиштето во превенција на емоционалните проблеми, преку обуки и работилници за родителите и високо ниво на соработка и доверба меѓу училиштето и родителите
- Центрите за поддршка остваруваат континуирана, навремена и партнерска соработка со родителите, преку нивно навремено информирање за тековните здравствени и развојни промени кај учениците и нивно активно вклучување при донесување одлуки поврзани со емоционалните и развојните потреби на учениците, со што се обезбедува координиран пристап, меѓусебна доверба и заедничка грижа за нивната благосостојба и напредок

**Слаби страни**

- Недоволна вклученост на дел од образовните асистенти (односно учениците на кои даваат поддршка), во активностите на Тимот за мултиетничка интеграција.
- Во училиштето недостасува соодветен медицински кадар (лекар, медицинска сестра, физиотерапевт), што го отежнува обезбедувањето навремена и континуирана здравствена поддршка на учениците.
- Недостасува вработено лице за физичко обезбедување на училиштето, што претставува ограничување во однос на безбедноста на учениците и вработените за време на престојот во училиштето.
- Во училиштето има ненадминати архитектонски бариери, кои го отежнуваат целосниот и непречен пристап на учениците со телесна попреченост до училишната кујна.

**Приоритети**

- Активно вклучување на поголем број на учениците со попреченост кои што користат образовни асистенции во училиштата во реонот, во активностите планирани од Тимот за мултиетничка интеграција.
- Зајакнување на вештините и компетенциите на наставниците за справување со учениците со предизвикувачко однесување.
- Преземање активности за надминување на архитектонските бариери и подобрување на целокупната функционалност и обезбедување пристапност на учениците со телесна попреченост до училишната кујна.
- Обезбедување медицински кадар (лекар, медицинска сестра, физиотерапевт) во училиштето, со цел подобрување на здравствената поддршка на учениците.
- Обезбедување на лице, вработено за физичко обезбедување на училиштето, со цел остварување на поголема безбедност на учениците и вработените

## Подрачје 4: Управување, раководење и креирање политики

**Опис/резиме на подрачјето**

**4.1.1**.Управувањето со ОУРЦ „Д-р Златан Сремец“ – Скопје се реализира преку функционално организиран и законски конституиран **Училишен одбор**, кој работи транспарентно, одговорно и во партнерство со раководниот орган на училиштето, обезбедувајќи услови за квалитетно и инклузивно образование. Составот, надлежностите и начинот на работа на Училишниот одбор се во согласност со законската регулатива и јасно дефинирани со Деловник за работа.Училишниот одбор редовно одржува седници, донесува писмени одлуки со мнозинство гласови и обезбедува навремено информирање на вработените и родителите. Преку континуирано следење на програмските документи и квартално следење на трошењето на буџетот, Училишниот одбор придонесува за транспарентно и

ефикасно управување со училиштето и за унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес. Директорот редовно ги информира Училишниот одбор, Наставничкиот совет и другите училишни тела за сите значајни прашања поврзани со работата на училиштето, донесувањето одлуки и реализацијата на стратешките документи. Вработените се вклучени во процесите на планирање и донесување одлуки преку тимска работа, што придонесува за зголемена одговорност и ефикасност во работењето.
Анкетираните родители изразуваат позитивен став, што укажува дека **најголем број родители (61,1**% потполно се согласувам и 38,9 % се согласувам) ги перципираат информациите од училиштето како јасни, навремени и лесно разбирливи.
Од анализата на добиените одговори на исказот за тоа дека нставниците и стручните соработници се вклучени во процесите на донесување на одлуки што влијаат врз животот и работата на училиштето,може да се заклучи дека најголем број од наставниците одговориле позитивно (68,1% целосно и 27,7% делумно) и се вклучени во процесите на донесување одлуки.

**4.1.2** Директорот има јасно дефинирана и споделена визија за развојот на училиштето, насочена кон унапредување на воспитно-образовниот процес и зајакнување на инклузивните практики. Раководството активно ги вклучува наставниците, стручните соработници, родителите и учениците во креирање политики и обезбедување квалитет, со фокус на реални потреби и инклузивни практики. Училиштето систематски ги следи образовните реформи, ги имплементира преку обуки и прилагодување на наставните програми, и активно воспоставува партнерства со заедницата и меѓународни мрежи. На прашањето: Сакаме кога директорот и наставниците не прашуваат и вклучуваат, најголем број од учениците (100%), одговориле дека се согласуваат.
Изразената согласност од 97,2% упатува дека **најголем број родители** имаат доверба во директорот, наставниот кадар и стручната служба во однос на нивната стручност и грижлив пристап кон учениците. На прашањето за учеството на училишниот одбор во креирање на политики наставниците и стручните соработници одговориле позитивно.Од анализата на добиените одговори може да се заклучи дека најголем број наставници и стручни соработници (97,9%) сметаат дека Училишниот одбор активно учествува во креирањето политики кои поддржуваат инклузивно образование и меѓуетничка соработка. Според најголем број наставници и стручни соработници(87,2% целосно се согласуваат и 12,8% се согласуваат) директорот ги препознава нивните напори и поттикнува примената на добри практики. Најголем број наставници и стручни соработници (83% целосно се согласуваати 17% се согласуваат) се согласуваат дека работната клима ја поттикнува соработката, тимската работа и континуираното професионално усовршување.
**4.1.3** ОУРЦ „Д-р Златан Сремец“ има воспоставен ефикасен и транспарентен систем за управување и раководење со финансиските, материјалните и човечките ресурси. Ресурсите се планираат и користат наменски и рационално, во согласност со законските процедури и приоритетите на училиштето, со посебен фокус на поддршка на учениците со попреченост.
Раководството редовно го следи и анализира трошењето на буџетот и обезбедува навремено информирање на органите и телата во училиштето. Преку донации, проекти и соработка со локалната заедница, невладиниот и деловниот сектор, училиштето обезбедува дополнителни ресурси за унапредување на наставата и инклузивните активности.
Со системско управување со ресурсите и континуирана грижа за професионалниот развој на кадарот, училиштето обезбедува квалитетни услови за работа и учење

Според 97,3% позитивни одговори, може да се констатира дека **најголем број родители** го препознаваат училиштето како инклузивна и безбедна средина која вложува континуирани напори за благосостојба на сите ученици.

**4.1.4** Училиштето располага со јасно структурирана организација на човечките ресурси, транспарентна распределба на кадарот и системски пристап кон професионалниот развој. Вработените ги исполнуваат законските услови за работа, а училиштето обезбедува континуирана поддршка, обуки и можности за напредување.
Најголемиот дел од родителите изразуваат високо ниво на доверба во директорот и наставниот кадар во однос на нивната стручност и пристап кон децата. Дури 61,1% од анкетираните родители целосно се согласни. Најголем број од образовните асиситенти 42,1% се изјаснија дека компетенциите за примена на посебни методи за користење на нагледни средства ги стекнале по спроведена обука .
.
Резултатите од прашалникот за наставници и стручни соработници укажуваат дека најголемиот број од наставниците и стручните соработници целосно се согласуваат (85,1%) дека директорот покажува транспарентност и отвореност за предлози, што е јасен показател за демократски стил на раководење и вклучување на вработените во процесите на одлучување. Најголем број наставници и стручни соработници (89,4% целосно се согласуваат и 10,6% се согласуваат) сметаат дека училиштето активно ги следи современите трендови и ги интегрира во наставата.
Податоците од анкетите и интервјуата со фокус групите покажуваат дека училиштето располага со јасно структурирана организација на човечките ресурси, транспарентна распределба на кадарот и системски пристап кон професионалниот развој. Вработените ги исполнуваат законските услови за работа, а училиштето обезбедува континуирана поддршка, обуки и можности за напредување. Управувањето и раководењето со кадарот е многу добро организирано.

**4.1.5** Во ОУРЦ „Д-р Златан Сремец" наставниот процес се следи континуирано и систематски од страна на директорот и стручните соработници, преку јасно утврдени протоколи, листи за следење и индивидуални извештаи. Редовната повратна информација и стручната поддршка придонесуваат за унапредување на инклузивните практики, професионалниот развој на наставниците и квалитетот на воспитно-образовната работа.
Со оглед дека 97,3% од родителите изразуваат согласност(55,6% потполно се согласуваат,41,7% се согласуваат), може да се констатира дека **најголем број родители** чувствуваат дека училиштето ги поттикнува родителите да соработуваат и да бидат активен дел од училишниот живот. Високи 97,2% од родителите дале позитивна оценка, што покажува дека **најголем број родители** редовно добиваат информации за активностите, програмите и постигнувањата на своето дете и на училиштето во целина.
Дури 91,6% од родителите (44,4% потполно се согласуваат,47,2% се согласуваат )позитивно ги оценуваат случувањата во училиштето, што укажува дека **најголем број родители** ги препознаваат промените како јасно образложени и насочени кон подобрување на наставата и благосостојбата на учениците.

Најголем број наставниците и стручните соработници (91,5% целосно се согласуват и 4% се согласуваат) сметаат дека нивната работа е во согласност со јасно дефинираната мисија и визија на училиштето.

**4.1.6**. Следењето и унапредувањето на работата на образовните асистенти во ОУРЦ „Д-р Златан Сремец" – Скопје се реализира систематски и континуирано преку редовен мониторинг, стручна поддршка и менторство од страна на директорот, координаторите и стручните соработници. Високиот одзив во анкетата (92,1%) и резултатите покажуваат дека **најголем број образовни асистенти** добиваат соодветна стручна поддршка и ја препознаваат значајната улога на редовното следење врз нивниот професионален развој. Организираните обуки, работилници и размена на добри практики придонесуваат за унапредување на професионалните компетенции и обезбедување квалитетна и инклузивна поддршка на учениците со посебни образовни потреби.
Од анализата на анкетните резултати за влијанието на следењето врз професионалниот развој, може да се заклучи дека **најголем број образовни асистенти** позитивно го оцениле ова влијание: 50,1% целосно се согласуваат, а 40,1% се согласуваат, односно вкупно 90,2% позитивни одговори.
Интервјуата со образовните асистенти ја потврдуваат истата слика: **најголем број** од нив ја препознаваат улогата на директорот и стручните соработници-координатори во унапредување на професионалните компетенции и вештини. Редовното следење и конструктивната поддршка овозможуваат асистентите да ја подобруваат својата практика и да обезбедат квалитетна поддршка за учениците со посебни образовни потреби.
Во целина, податоците укажуваат на **општа позитивна перцепција** на процесот на мониторинг, при што **најголем број образовни асистенти** сметаат дека редовното следење значајно придонесува за нивниот професионален развој и за унапредување на квалитетот на образовната поддршка во училиштето.

**4.2.1** Во ОУРЦ „Д-р Златан Сремец" училишните политики се креираат преку јасно дефинирани и пропишани процедури со активна вклученост на директорката, наставниците, стручните соработници, учениците, родителите и училиштните структури. Политиките опфаќаат клучни области како квалитетот на наставата, инклузивноста, безбедната средина, професионалниот развој и партнерствата со заедницата, а нивната реализација се следи и редовно се прилагодува за континуирано унапредување на работењето и поддршка на учениците. Најголем број од учениците (95,2%), сакаат кога директорот и наставниците ги прашуваат и вклучуваат во училиштето. Поголем број родители (58,3%) се согласуваат, а дополнителни 27,8% целосно се согласуваат дека нивното мислење се вреднува.Кога ќе се сумираат резултатите,може да се заклучи дека најголем број родители( вкупно 86,1%) имаат позитивен став, и ја сметаат својата улога како вреднувана при креирањето на училишните политики.Додека мал број не располагаат со информации (11,1%).
Најголем број на родители(50% потполно се согласувам и 41,7 % се согласувам) позитивно одговориле на изказот : Училиштето презема активности за спречување на насилство и дискриминација, истовремено промовирајќи позитивни вредности кај учениците.Од анализата на добиените одговори може да се заклучи дека најголем број родители сметаат дека училиштето презема конкретни активности за спречување на насилство и промоција на позитивни вредности.

Од анализата на добиените одговори на исказот за тоа дека наставниците и стручните соработници се охрабрени да предлагаат иницијативи и идеи за подобрување на квалитетот на наставата и училишните процеси, може да се заклучи дека најголем број од наставниците одговориле позитивно (80,9% целосно се согласувам и 19,1% се согласувам).

**4.2.2**. Развојното планирање на училиштето се темели на јасна мисија и визија насочени кон квалитетно, инклузивно и еднакво достапно образование. При поставувањето и реализирањето на целите активно учествуваат директорката, наставниците, стручните соработници, родителите, учениците и претставници од локалната заедница, што овозможува заедничка одговорност и позитивна организациска клима. Реализацијата на стратешките цели се следи преку редовен мониторинг, анализа на резултатите и предлагање корективни мерки, додека континуираната комуникација и поддршка овозможуваат систематско унапредување на квалитетот на воспитно-образовната работа и подобри услови за учење и развој на учениците.
Од анализа на добиените одговори од родителите за тоа дека преку Советот на родители и ли други форми имаат можност да учествуваат во планирање и донесување одлуки поврзани со училиштето,најголем број родители 94,5% одговориле позитивно (потполно се согласувам 52,8% и 41,7% се согласувам), Родителите ја оценуваат можноста за активно учество во планирање и носење одлуки како присутна и достапна.Најголем број родители (50% потполно се согласуваат,50% се согласуваат) се чувствуваат како активен и значаен дел од училишната заедница и изразуваат подготвеност активно да придонесат во нејзиниот понатамошен развој.
Во однос на исказот кој кажува дека стратешките цели се реални и остварливи, и дека наставниците и стручните соработници се добро запознаени со плановите за нивна реализација, најголем број наставници и стручни соработници (85,1% целосно се согласуваат и 14,9% се согласуваат) сметаат дека стратешките цели се реални и остварливи, и дека се добро запознаени со плановите за нивна реализација.Од анализата на добиените одговори на исказот за тоа дека политиките на училиштето ги почитуваат различностите и го промовираат правото на еднакво образование за сите ученици, може да се заклучи дека најголем број од наставниците и стручните соработници одговориле позитивно (91,5% целосно се согласуваат и 8,5% се согласуваат).

**4.3** Директорот на ОУРЦ „Д-р Златан Сремец“ – Скопје обезбедува транспарентно и одговорно управување со финансиските средства и редовно ги информира органите и телата на училиштето за планирањето и трошењето на буџетот, во согласност со законските прописи. Финансиските одлуки се донесуваат во координација со Училишниот одбор, Министерството за образование и наука и стручните соработници, со што се обезбедува демократски и инклузивен пристап.
Финансискиот план е јасно структуриран и усогласен со развојните приоритети на училиштето, со посебен фокус на инклузивното образование и поддршката на учениците со попреченост. Средствата се користат наменски, рационално и ефикасно, што придонесува за висок степен на финансиска дисциплина и унапредување на квалитетот на воспитно-образовниот процес.

**Силни страни**

| |
|---|
| Редовни седници, писмени одлуки и транспарентно информирање на вработените и родителите.<br>Јасна и споделена визија на директорот за квалитетно и инклузивно образование.<br>Тимски и инклузивен процес на креирање училишни политики со активно вклучување на наставници, стручни соработници, ученици и родители.<br>Следење и имплементација на национални реформи и меѓународни добри практики.<br><br>Ефективно управување со финансиски, материјални и човечки ресурси, со фокус на обезбедување квалитетно образование за учениците со попреченост.<br>Обезбедување дополнителни ресурси преку донации, проекти и партнерства со заедницата, НВО и деловниот сектор.<br>Континуиран професионален развој на кадарот преку обуки, семинари и менторство.<br>Систематско следење на наставниот процес со објективна евалуација и навремена повратна информација.<br>Реализација на стратешките и развојните цели се засновани на мисија, визија и резултати од самоевалуација.<br>Демократско и транспарентно управување со буџетот со јасно дефинирани приоритети за квалитетно образование. |
| **Слаби страни**<br><br>Ограничена физичка инфраструктура: нема фискултурна сала и библиотека, објектот е од 1932 година.<br>Зависност од буџетските средства; нема сопствени приходи.<br>Недоволни механизми за мотивирање и наградување на наставниот кадар.<br>Понекогаш тешкотии при замена на кадар при отсуства.<br>Ограничени материјални ресурси за специфични активности.<br>Недоволен број на стручен кадар со цел следење на законската регулатива |
| **Приоритети**<br><br>Развој на инфраструктура (реконструкција на училиштето, фискултурна сала, библиотека).<br>Обезбедување на дополнителни финансиски извори<br>Воведување систем за признание и мотивација на наставниот кадар.<br>Подобрување на материјалните услови за квалитетна реализација на дејноста на училиштето<br>Подобрување на кадровската подготвеност и флексибилност со цел поефикасно прилагодување на училиштето на тековните образовни реформи и зголемените потреби на учениците. |

ОУРЦ „Д-р Златан Сремец" - Скопје

ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ СО РЕСУРСЕН ЦЕНТАР Д-Р ЗЛАТАН СРЕМЕЦ-СКОПЈЕ

ул. Емил Зола бр. 5  Скопје - Општина Кисела Вода,

тел: 02/2770-446; 078/219-585

ОУРЦ „Д-р Златан Сремец“ - Скопје

ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ СО РЕСУРСЕН ЦЕНТАР Д-Р ЗЛАТАН СРЕМЕЦ-СКОПЈЕ
ул. Емил Зола бр. 5 Скопје - Општина Кисела Вода,
тел: 02/2770-446; 078/219-585

# Предлог-мерки за подобрување на квалитетот на работата на училиштето

## Приоритетни мерки за унапредување на квалитетот на работата на училиштето

## I. Висок приоритет (безбедност, здравје и основни услови за работа)

1. **Обезбедување физичко обезбедување на училиштето**
Иницирање постапка за ангажирање стручно лице за физичко обезбедување, со цел зголемување на безбедноста, превенција од ризици и заштита на учениците, вработените и имотот на училиштето.
2. **Обезбедување медицинска и здравствено-превентивна поддршка**
Иницирање постапка за ангажирање медицински кадар (лекар/медицинска сестра и физиотерапевт), со цел систематска здравствена грижа, рана интервенција и поддршка на учениците со здравствени и развојни потреби.
3. **Подобрување на пристапноста и инфраструктурните услови**
Преземање активности за обезбедување архитектонска пристапност на учениците со телесни потешкотии до училишната кујна и другите функционални простории, согласно стандардите за инклузивност и безбедност.
4. **Ангажирање соодветен број негуватели**
Обезбедување потребен број негуватели во подрачните паралелки и центрите за поддршка, согласно реалните потреби на учениците и нормативите, со цел обезбедување континуирана грижа и безбедно учество во воспитно-образовниот процес.

## II. Среден приоритет (квалитет и инклузивност на наставата)

5. **Континуиран професионален развој на наставниот кадар**
Организирање систематски обуки и интерна стручна поддршка за наставниците за примена на современи методи на поучување, инклузивни практики, бихевиорални интервенции и ефикасно управување со предизвикувачко однесување.
6. **Обезбедување современи наставни средства и ИКТ-опрема**
Набавка и користење современи наставни помагала, асистивна технологија и дидактички материјали за поддршка на индивидуализирано и инклузивно учење.
7. **Системско вклучување на образовните асистенти во ИТУ**
Преземање административни и организациски активности за формализирано и функционално вклучување на образовните асистенти во индивидуалните тимови за ученик (ИТУ), со јасно дефинирани улоги и координација со наставниот кадар.
8. **Зголемување на учеството на учениците со попреченост во училишните активности**
Поттикнување на вклученоста на учениците кои користат образовна асистенција

во активностите на тимовите и воннаставните програми (вклучително и мултиетничка интеграција), преку прилагодување на содржините и координирана поддршка.

**III. Развоен приоритет (соработка, мотивација и институционален развој)**

9. **Унапредување на партнерството со родителите** Воспоставување структуриран и повеќеканален систем на комуникација со родителите (средби, консултации, работилници и информативни материјали), со цел активно учество во следењето и поддршката на напредокот на учениците.
10. **Развивање систем за вреднување и мотивација на наставниците** Утврдување транспарентни критериуми и механизми за професионално признавање, наградување и напредување на наставниците, со цел јакнење на мотивацијата и квалитетот на наставата.
11. **Реконструкција и модернизација на училишната инфраструктура** Планирање и реализација на реконструкција на училишната зграда, изградба или обнова на фискултурна сала и модернизација на училишната библиотека, со цел подобрување на условите за учење и развој.
12. **Обезбедување дополнителни финансиски ресурси** Активно аплицирање на проекти, партнерства и донации за обезбедување дополнителни средства за развој на наставата, опремата и училишната средина.

Комисија за спроведување на СЕУ:

1. Ана Грашеска- координатор
2. Роза А. Ивановска
3. Емилија Јовановиќ
4. Маја Весковска
5. Ирена М. Славевска
6. Даниела Деловска - родител